

АДВОКАТ ВЛАДИМИР КАЦАРСКИ
УЛ. БОЈМИЈА БР. 6/1 КУЛА 3
1000 СКОПЈЕ, Р.МАКЕДОНИЈА
ТЕЛ: 070/709-949
e-mail: v_kacarski@yahoo.com

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ц.о.
Стручна служба - Филијала
ПРОБИШТИП

Примено: 25-12-2015

| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 21 | 5856/10 | 1 | |

До:
ФПИОМ Стручна служба Филијала Пробиштип

**Врска:** Решение број 67300058566 од 22.11.2013 г.

**Барател** Смилјана Маневска од Кратово со стан на ул Гоце Делчев бр. 84/8, ЕМБГ 1608948428018, преку Адвокат Владимир Кацарски, од Скопје, со канцеларија на ул. Бојмија број 6/1 Скопје и е-пошта: v_kacarski@yahoo.com

# ПОДНЕСОК
## со барање за постапување

Барателот **Смилјана Маневска** од Кратово, преку својот полномошник Адвокат Владимир Кацарски од Скопје на ден 21.12.2015 година од страна на Управниот суд на РМ го доби РЕШЕНИЕТО УИ. БР. 56/2015 од 28.10.2015 година кое е донесено врз основа на член 53 од ЗУС. Со ова МЕРИТОРНО РЕШЕНИЕ се потврдуваат претходните пресуди во предметот, а особено позитивната пресуда У-4 број 1003/2014 од 22.12.2014 година како и пресудата У-4 бр. 152/2013 од 06.02.2013 година.

Имајќи ја во вид задолжителната важност и императивноста на донесеното Решение УИ. БР. 56/2015 од 28.10.2015 година бараме од ФПИОМ Стручна служба Филијала Пробиштип како Првостепен орган да постапи по истото и во законски определен рок да донесе соодветно решение по повод поднесеното барање од страна на **Смилјана Маневска.**

За потсетување, барателот **Смилјана Маневска** побарува од ФПИОМ Стручна служба Филијала Пробиштип зголемување на разликата на пензијата од онаа која незаконски и е пресметана до износот кој е определен во соодветните пресметки на АВРМ и ФПИОМ, како и регрес на неосновано задржаните неплатени средства по овој основ.

Во прилог ги доставуваме РЕШЕНИЕТО УИ. БР. 56/2015 од 28.10.2015 година и Пресуда У-4 број 1003/2014 од 22.12.2014 година.

Скопје, ___.12.2015 г.

За Барател Полномошник
Адвокат Владимир Кацарски

В.Кацарски

АДВОКАТ
ВЛАДИМИР КАЦАРСКИ
ул. Бојмија бр. 6/1
СКОПЈЕ